**20252064103**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 33-ѓ став (14) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ И НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за одобрението за градење и на одобрението за градење.

Член 2

Барањето за одобрението за градење се поднесува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Одобрението за градење се издава на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на одобрението од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1186/2
6 октомври 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки индустриски развојни зони,
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

**Прилог 1**

До
Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

**Б А Р А Њ Е**
**за одобрение за градење**

Од _______________________________________________________________ со
(назив на правно лице)

___________________________________________________ од _____________
(седиште)

за одобрение за градење на __________________________________________ на
(вид на градба)

___________________________________________________________________
(адреса, КП, КО, место викано или делница со стационажа)

Лице за контакт: __________________________________________

Телефон: ________________

Со барањето приложувам :

1. Копија од уплата на закупнина на земјиште ,
2. Извод од урбанистички план одобрен од надлежен орган – Министерство за транспорт,
3. Одобрен урбанистички проект и потврда за заверка на урбанистички проект издадени од Министерство за транспорт,
4. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која се потврдува дека доставениот урбанистички проект е истиот кој е електронски одобрен од страна на надлежниот орган – Министерство за транспорт,
5. Идеен проект,
6. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште,
7. Основен проект,
8. Позитивен извештај за ревизија на основен проект и
9. Доказ согласно член 33–ѓ став (2) алинеја 6 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Прилозите и доказите ги доставувам во оригинал или копија заверена на нотар.

Број и датум _____________ Подносител на барање

_____________________

Штембил на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

**Прилог 2**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, решавајќи по барањето на ________________________________ поднесено под број ________ од ___________ година, за издавање на одобрение за градење, врз основа на член 33-ѓ ставови (6) и (7) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, го издава следното

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ**

На ________________________________________________________________________________
(назив на правно лице)

од _________________________ му/им се одобрува изградба на __________________________
(вид на градба)

од _________________________ категорија, на ул. _____________________бр.______________

во ______________ (КП бр.____________, КО _______________ место викано _______________________________________ или делница со стационажи_________________).

Одобрението за градење се издава за _________________________________________________

_________________________________________________________________________________ .
(целта, дел или делови од градбата)

Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број __________________ од ______________ година ( доколку станува збор за повеќе инвеститори заверно кај Нотар со бр. УЗП ______________ од ____________ година).Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не започне со изградба во рок од девет месеци од денот на склучувањето на договорот за закуп, а најдоцна за 36 месеци од денот на склучувањето на договорот за закуп треба да заврши со градбата и да почне со производство согласно член 8 став (10) од Законот за технолошки индустриски развојни зони.
Доколку градбата започнала да се гради по истекот на рокот од девет месеци од денот на склучувањето на договорот за закуп, се смета дека градењето е бесправно.
Пред започнувањето на изградбата инвеститорот писмено го пријавува започнувањето на изградбата до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, градежната инспекција и инспекцијата на трудот, а во известувањето ги назначува изведувачот и правното лице за вршење надзор со определени надзорни инженери кои ги исполнуваат условите за вршење на работите согласно со закон.
Доколку во текот на градењето се промени изведувачот или правното лице за вршење надзор односно надзорните инженери, инвеститорот писмено ја известува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Согласно член 33-ѓ став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, во случај кога во постапката за издавање на одобрение за градење во технолошките индустриски развојни зони е доставен Идеен проект, инвеститорот е должен да изработи Основен проект со позитивен извештај за ревизија и да го достави до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одобрението за градење. Доколку во овој рок не биде доставен основен проект со позитивна ревизија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со Заклучок ќе ги прекине сите градежни активности на инвеститорот се до моментот додека не се достави истиот.
Инвеститорот по завршување со градбата, а пред нејзина употреба треба да побара Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да му издаде одобрение за употреба на истата.

Образложение

Инвеститорот/инвеститорите_____________________________________________
поднесе/поднесоа барање бр. _________________________ од ____________година, за издавање на одобрение за градење на________________________________ од__________________категорија, на ул.____________________________ бр.______________ во ____________________ (КП бр. __________________КО ____________________ место викано _______________________ или делница со стационажи__________________________).

Со барањето инвеститорот/инвеститорите ја приложи/приложија следната документација и докази:

(документацијата приложена со барањето)

Согласност и мислења прибавени согласно член 33-е од Законот за технолошки индустриски развојни зони:

_____________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

Врз основа на горе изнесеното, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен .

Таксата по тарифен број ____________ од Законот за административните такси, во износ од _______________ денари е наплатена.

Име и презиме и потпис на
овластено лице

(м.п.)

Изработил:
Контролирал:
Согласен:

Доставено до:
-
-